# УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## (ХРОНОЛОГИЈА)

### МИСИЈА

**Управата за хидрометеоролошки работи** е надлежна за вршење метеоролошки и хидролошки работи и следење на квалитетот на природната средина кои опфаќаат активности поврзани со развојот и функционирањето на хидрометеоролошкото бдеење, истражувањата на атмосферата, водените ресурси и почвата, модификација на времето и работите на примената на хидрологијата и метеорологијата (Службен весник на Република Македонија бр. 103/08)
**Управата за хидрометеоролошки работи** ги извршува меѓународните обврски на Република Македонија во областа на метеорологијата, хидрологијата, следењето на квалитетот на водите и воздухот и го координира нивното извршување.

### ИСТОРИЈАТ

**1891** - Хидрометеоролошката дејност на територијата на Република Македонија датира од 1891 год. кога се вршени првите метеоролошки мерења и набљудувања.

**Од 1923 год**. постои поорганизирана мрежа на хидрометеоролошки станици. До 1947 год. доаѓало до повремени прекини во мерењата и набљудувањата.

**Во периодот од 1918-1941 год.** метеоролошката мрежа на територијата на Македонија беше во склоп на Кралството Југославија.
Метеоролошката служба на Кралството Југославија стана член на **Меѓународната Метеоролошка Организација (International Meteorological Organization - IMO)** ( основана во Брисел 1853 и установена во Виена 1873 година) како претходница на сегашната Светска Метеоролошка Организација (WMO).

**На 7 јануари 1947 год.** со Уредба на Владата на ФНРЈугославија е основан Сојузен хидрометеоролшки завод (СХМЗ) со што се обединија хидрометеоролошките служби на територијата на целата тогашна ФНРЈ.

**На 22 Септември 1947 год.** Владата на тогашната Федеративна Народна Република Југославија (ФНРЈ) во Вашингтон потпиша Конвенција за формирање Светска Метеоролошка Организација (World Meteorological Organization - WMO).

**На 10 септември 1948 година** ФНРЈ ја ратификува Конвенцијата на СМО (Службен лист на СФР Југославија бр. 80/48).

**На 23 Март 1950 година,** Конвенцијата на СМО стапи на снага.

Тоа подразбира дека нашата метеоролошка служба беше една од 45 светски метеоролошки служби, кои се основачи на WMO. Со тоа е продолжен континуитетот на претходната Меѓународна Метеоролошка Организација (ИМО).

Новонастанатите држави од бившата СФР Југославија, во 1991 година со стекнување независност станаа членки на WMO.
Хидрометеоролошката служба на Република Македонија е наследник на основачките права на WMO од што јасно произлегува дека Република Македонија е договорна страна на СМО.

**17.11.1991 година** - ***Во согласност со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија од 17.11.1991, Република Македонија ги превзела законите, меѓународните договори и други прописи од поранешната СФРЈ со што Конвенцијата на Светската Метеоролошка Организација е составен дел од внатрешниот правен поредок на Република Македонија.***

**1993 – Република Македонија официјално е потврдена како членка на Светската Метеоролошка Организација.**

**01.01.2011 – Управата за хидрометеоролошки работи е примена и стана асоцијативна членка на Европската мрежа на Метеоролошки служби/мрежи (ЕИГ-ЕУМЕТНЕТ) со седиште во Брисел, Белгија.**

**09.02.2011 – Република Македонија е примена кеко кооперативна членка во Европскиот Центар за среднорочни прогнози (ECMWF) со седиште во Рединг, Велика Британија.**